**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јануари 2026 година**

**Скопје, јануари 2026 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 јануари 2026 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 19:05 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Игор Филков, министер за правда, Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, д-р Калтрина Зеколи – Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, министер за финансии, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-

1. Информација за поднесување Барање за ослободување на средства со сите пропратни документи за чекорите од Реформската агенда 2024-2027 со рок на реализација до декември 2025 година и чекорите кои се во грејс период до јуни 2026 година, односно до декември 2026 година

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за поднесување Барање за ослободување на средства со сите пропратни документи за чекорите од Реформската агенда 2024-2027 со рок на реализација до декември 2025 година и чекорите кои се во грејс период до јуни 2026 година, односно до декември 2026 година, ја усвои Информацијата и го задолжи д-р Беким Сали, министер за европски прашања и национален координатор за Инструментот за реформи и раст, веднаш да го достави до Европската комисија Барањето за ослободување на средства со сите пропратни документи.

**Точка 2**

По однос на оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:10 часот.